Република Македонија

Министерство за финансии

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

# К-1-2013

## Резиме

- Во К-1-2013 во однос на истиот квартал од 2012 година, **БДП** бележи реален раст од 2,9%, што претставува значително забрзување на економската активност по растот од 0,2% во втората половина од претходната година;
- Според Анкетата на работна сила, **бројот на вработени** во К-1-2013 е повисок за 3,9% во однос на истиот квартал од претходната година. **Бројот на невработени** се намали за 4,2% на годишна основа, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** во К-1-2013 на 29,9%;
- **Стапката на инфлација** во К-1-2013, мерена според индексот на трошоци на живот, забележа засилен раст од 3,5% во однос на истиот квартал во 2012 година;
- Просечната **бруто плата** во К-1-2013 изнесува 30.973 денари и споредено со бруто платата во К-1-2012 е повисока за 1,1% на номинална основа, односно пониска за 2,3% на реална основа;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-1-2013 се пониски за 5,9% споредено со истиот квартал од 2012 година, а вкупните **буџетски расходи** се повисоки за 13,8%;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-1-2013 се зголеми за 1,4% на квартална основа;
- **Кредитната активност** на банките кон недржавниот сектор во К-1-2013 бележи засилена стапка на раст од 0,7% на квартално ниво;
- **Македонскиот берзански индекс МБИ-10** во март 2013 година се зголеми за 3,5% во однос на декември 2012 година;
- Во К-1-2013 е забележан **раст на извозот** од 0,6% и пад на **увозот** од 2,4% на годишно ниво, со што вкупната **надворешно-трговска размена** изразена во евра забележа пад од 1,2%;

# 1. Макроекономски трендови и реален сектор

Во К-1-2013 во однос на истиот квартал од 2012 година, БДП бележи реален раст од 2,9%, што претставува значително забрзување на економската активност по растот од 0,2% во втората половина од претходната година.

Номиналниот раст на БДП во К-1-2013 изнесува 2,5% споредено со истиот квартал од претходната година, што имплицира дека БДП дефлаторот е негативен и изнесува -0,4%.

Анализирано според **производната страна на БДП**, во К-1-2013 позитивен раст забележаа сите сектори. Најголем придонес во вкупниот економски раст има секторот Градежништво, каде е регистриран висок раст на активноста од 36,8%, кој се надоврзува на растот од 12,5% во втората половина од претходната година. Секторот Финансиско посредување продолжува со позитивните движења, и во К-1-2013 забележа раст од 2,5%. Раст од 2,5% забележа и секторот Сообраќај, складирање и врски, по падот од 1,7% во претходниот квартал. Внатрешната трговија бележи раст од 2,3%, што се должи на позитивните движења и во трговијата на мало и во трговијата на големо. Во секторот Хотели и ресторани е забележан раст од 1,6%, а секторот Земјоделство забележа раст од 1%. Индустриското производство, по период од шест квартали, во К-1-2013 забележа позитивен раст од 0,7%. Стапката на раст во секторот Јавна управа изнесува 0,5%.

График 1.1. БДП по производен метод - придонес во раст;
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




Растот на **индустриското производство**[1] во К-1-2013 од 2,7% се должи на остварените позитивни стапки кај: вадење јаглен и лигнит (7,0%), вадење руди на метал (14,6%), вадење други руди и камен (35,2%), производство на прехранбени производи (1,8%), производство на пијалаци (0,6%), производство на тутунски производи (68,7%), производство на текстил (83,1%), производство на облека (12,1%), производството на кожа (2,2%), производство на фармацевтски производи (6,8%), производство на производи од гума (1,6%), производство на други неметални производи (2,5%), производство на машини и уреди (22,4%), производство на мебел

[1] Пресметан врз основа на месечното соопштение Индекс на индустриското производство.

(18,7%), поправка и инсталирање машини и опрема (31,3%) и снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (4,9%). Од аспект на структурата на индексот на индустриското производство, раст е забележан кај 78,8% од гранките.

Од друга страна, пад е остварен кај: преработка на дрво и производи од дрво (26,6%), производство на хартија (22,9%), печатење и продукција на снимени медиуми (27,8%), производството на кокс и рафинирани нафтени производи (40,8%), производство на хемикалии и хемиски производи (28,5%), производство на метали (22,8%), производство на фабрикувани метални производи (28,7%), производство на електрична опрема (5,7%), производство на моторни возила, приколки и полуприколки (66,4%) и останата производствена индустрија (12,4%).

Анализирано според **расходната страна на БДП**, во К-1-2013 растот е придвижен од бруто инвестициите, кои забележаа раст од 9,4%. Растот на инвестициите соодветствува со високиот раст на градежништвото, како и растот на домашното производсвото на капитални добра. Финалната потрошувачка во К-1-2013 забележа благ пад од 0,4%, што се должи, пред сѐ, на падот на јавната потрошувачка од 1,5%, додека личната потрошувачка забележа минимален пад од 0,1%. Падот на економската активност во земјите на ЕУ и соодветно на екстерната побарувачка резултираше со намалување на надворешната трговија на земјата. Притоа, извозот на стоки и услуги забележа пад од 0,3%, додека увозот е намален за 3,7%. Како резултат на посилниот пад на увозот од извозот, нето извозот има позитивен придонес кон вкупниот економски раст.

График 1.2. Број на вработени и стапка на невработеност; Извор: ДЗС




Во К-1-2013 продолжија позитивните движења на пазарот на работна сила. Според **Анкетата на работна сила**, бројот на вработени во К-1-2013 е повисок за 3,9% во однос на истиот квартал од претходната година. Растот на вработеноста е придружен со пад на бројот на невработени, кој на годишна основа е намален за 4,2%. Бројот на активно население во К1-2013 е повисок за 1,4%. Ваквите движења на пазарот на работна сила предизвикаа стапката на невработеност во К-1-2013 да се намали на 29,9%, односно за 1,7 п.п. споредено со истиот квартал од претходната година, а во однос на претходниот квартал истата е пониска за 0,7 п.п. Стапката на вработеност во К-1-2013 изнесува 40% и во однос на истиот квартал претходната

година е повисока за 1,4 п.п., додека во однос на претходниот квартал е повисока за 0,6 п.п. Активното население во К-1-2013 претставува 57% од вкупното работоспособно население.

## 2. Цени, трошоци и продуктивност

Стапката на инфлација, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-1-2013 изнесува 3,5% во однос на истиот квартал од 2012 година, што претставува намален раст споредено со претходниот квартал кога растот изнесуваше 4,9%. Највисок раст на цените е забележан кај категоријата Облека и обувки од 10,3%, следен од растот во категориите Хигиена и здравје од 4,8% и Домување од 4,5%. Во однос на претходниот квартал, растот на цените во категоријата Домување забележа значително намален интензитет од 5,1 п.п.

Цените во категоријата Ресторани и хотели се зголемија за 4,2%, додека растот на цените во категоријата Исхрана во К-1-2013 изнесуваше 3,3% наспроти растот од 4,8% во претходниот квартал. Растот на цените во категоријата Култура и разонода изнесува 1,7%, следен од растот на цените во категоријата Тутун и пијалаци од 1,6%. Цените во категоријата Административни и финансиски услуги се зголемија за 0,3%. Цените во категоријата Сообраќајни средства и услуги се намалија за 0,7%, како резултат на падот на сообраќајните и ПТТ услуги од 3,1%.

График 2.1. Стапка на инфлација (к/к-4); Извор: ДЗС




Базичната инфлација (која го исклучува ефектот на храната и енергијата) во К-1-2013 изнесува 3,3%, што е повисоко ниво за 0,4 п.п. споредено со базичната инфлација во претходниот квартал (2,9%).

Цените на мало во К-1-2013 забележаа забавен пораст од 1,7% споредено со истиот квартал од 2012 година. Најголем придонес во растот на цените на мало има категоријата Индустриски производи каде е забележан раст на цените од 2,9%, придонесувајќи со 1,6 п.п. во вкупниот раст на цените на мало. Во рамките на оваа категорија, најзначаен придонес во растот е забележан кај непрехранбените производи кои остварија раст од 2,7%. Прехранбените производи забележаа раст на цените од 3,9%. Малопродажната цена на пијалаците е зголемена за 2,9%.

Малопродажните цени во категоријата Земјоделски производи забележа пораст од 1,2%.

Просечната **нето плата** во К-1-2013 изнесува 21.130 денари и е за 1,1% повисока на номинална основа од нето платата во К-1-2012. На реална основа, нето платата забележа пад од 2,3%. Просечната **бруто плата** изнесува 30.973 денари и е повисока за 1,1% на номинална основа, односно пониска за 2,3% на реална основа, споредено со бруто платата во К-1-2012.

График 2.2. Раст на ВФП и продуктивноста на трудот; Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




Растот на економската активност во К-1-2013 е проследен со повисок годишен раст на бројот на вработени, што резултираше со пад на **продуктивноста на трудот** за 1%, по падот од 2,7% во претходниот квартал. Физичкиот капитал во К-1-2013 забележа раст од 0,4%. Ваквите тенденции на факторите на растот предизвикаа **вкупната факторска продуктивност (ВФП)** да забележи благ раст од 0,5% во К-1-2013, по падот од 3,1% во претходниот квартал. На Графикот 2.2 е прикажан трендот на ВФП и продуктивноста на трудот.

## 3. Фискален сектор

Во првиот квартал од 2013 година беше забележано пониско остварување на вкупните буџетски приходи во однос на истиот квартал од 2012 година, придружено со релативно повисоки буџетски расходи. Ова придонесе дефицитот на Буџетот да се зголеми, како на квартална, така и годишна основа. Сепак, буџетскиот дефицит останува на контролирано ниво.

И во првиот квартал од оваа година продолжи да се води контрациклична фискална политика насочена кон ублажување на последиците од светската економска криза врз македонската економија и задржување на макроекономската стабилност. Притоа не беше загрозена фискалната одржливост на јавните финансии.

Вкупните **буџетски приходи** се пониски за 5,9% споредено со истиот квартал од 2012 година, што најмногу се должи на пониското остварување на даночните приходи, како и на неданочните приходи, додека придонесите остварија зголемување од 2,9%. Воедно беше забележана значително пониска наплата кај данокот на додадена вредност и кај акцизите, односно кај т.н. индиректни даноци, додека персоналниот данок, данокот на добивка и приходите од царини остварија зголемување. Приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 45,1% од вкупните даночни приходи, тие во К-1-2013 се пониски за 24,1% споредено со истиот квартал од 2012 година, односно повисок пад за 5,4 п.п. од остварувањето во претходниот квартал. Во структурата на бруто приходите од ДДВ се забележа намалување на наплатата на ДДВ од увоз за 12,9%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа раст од 14,2%, согласно прометот во трговијата, а зголемена е и динамиката на поврат на ДДВ за 36,5% (што секако дополнително допринесува за намалувањето на приходите од ДДВ во овој квартал). Приходите од акцизи се пониски за 6,8% споредено со истиот квартал од 2012 година. Во рамките на директните даноци, кај данокот на добивка е забележано зголемување од дури 67,7%, додека во однос на претходниот квартал приходите од данокот на добивка се поголеми за 2,3 пати (треба да се има предвид дека приходот за овој данок главно е резултат на данокот наплатен по основ на исплатени дивиденди и друга распределба од добивката и на задржан данок платен на странски правни лица). Приходите од персоналниот данок на доход беа зголемени за 6,0% во споредба со првиот квартал од претходната година. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, директните даноци, на годишна основа, го зголемија своето учество во БДП за 0,7 п.п. (3,9% од БДП), додека кај индиректните даноци беше забележано намалување на учеството за 2,8 п.п. (10,1% од БДП).

График 3.1. Буџетски приходи и расходи во К-1-2013;
Извор: МФ




Наплатата на социјалните придонеси беше повисока за 2,9%, при што зголемување на наплатата беше забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско осигурување од 2,5%, кај придонесите за здравствено осигурување од 3,8%, а кај придонесите за вработување од 2,7%. Неданочните приходи, кои претставуваа 2,5% од вкупниот квартален БДП, беа реализирани на пониско ниво за 6,1% во однос на истиот период од 2012 година.

Капиталните приходи во К-1-2013 беа пониски за 59,9% на годишна основа (во овие приходи спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, како и продажба на станови и приходи од дивиденди). Споредено со К-1-2012, риходите по основ на донации се поголеми за 62,9%,.

Во К-1-2013 вкупните **буџетски расходи** беа повисоки за 13,8% споредено со истиот квартал од 2012 година. Тековните расходи, кои претставуваа 90,2% од вкупните расходи, беа поголеми за 16,2% на годишна основа. Капиталните расходи кои учествуваа со 9,8% во вкупните расходи, беа повисоки за 4,0% споредено со првиот квартал од 2012 година. Во рамките на тековните расходи, расходите за стоки и услуги беа зголемени за 9,9%, додека расходите за плати и надоместоци се намалија за 1,1% во однос на истиот квартал лани. Средствата за трансфери, кои учествуваа со 63,9% во вкупните расходи, беа повисоки за 19,2% на годишна основа, а учеството на категоријата „Други трансфери" во вкупните расходи изнесуваше 20,0% (овде се вклучени трансферите кон локалната власт - блок и наменските дотации, како и други субвенции и трансфери). Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои учествуваа со 26,5% во вкупните расходи, беа извршени за 8,5% повеќе во однос на истиот квартал од 2012 година, односно за 6,2% повеќе споредено со К-4-2012 година. Расходите за каматни плаќања беа двојно зголемени на годишна основа, додека споредено со К-4-2012 истите се намалени за 10,1%. Расходите по камати на домашен долг забележаа раст од 28,5% на годишна основа, додека во однос на претходнот квартал се намалени за 27,0%. Каматите за странскиот долг исто така се зголемија на годишна основа, додека споредено со К-4-2012 тие се намалени за 1,8%.

Фискалното оптоварување, мерено како утврден дел на буџетските приходи[2] во однос на номиналниот БДП, во К-1-2013 изнесуваше 24,5% и претставува зголемување од 0,7 п.п. во однос на К-4-2012. Вкупните буџетски расходи претставуваа 39,5% од кварталниот БДП, што е за 6,2 п.п. повисок остварен износ во однос на К-4-2012, односно зголемување од 4,0% на годишна основа.

Вкупниот **долг** на централната влада на крајот на К-1-2013 изнесуваше 33,9% од БДП, што претставува зголемување од 0,1 п.п.

График 3.2. Долг на централната влада и неговата структура; Извор: МФ




2 Вклучува даночни приходи, социјални придонеси и административни такси и давачки.

во однос на К-4-2012 година. Учеството на надворешниот долг на централната влада во вкупниот долг на истата беше намалено за 1,5 п.п., во однос на К-4-2012, додека учеството на внатрешниот долг на централната влада во вкупниот долг на истата беше зголемено за исто толку процентни поени. Со тоа, учеството на внатрешниот долг на централната влада беше зголемено на 38,1% од вкупниот долг на истата. Ваквата состојба укажува дека дополнителното задолжување, што е неминовно за водење поекспанзивна фискална политика, било надворешно или внатрешно, не би ја загрозило фискалната одржливост, при што е неопходна координација со монетарната политика. Здравата фискална политика е еден од Мастришките критериуми за конвергенција, со поставени граници на 3% од БДП за буџетскиот дефицит и 60% од БДП за државниот долг.

## 4. Монетарно-финансиски движења

Во услови на намалени инфлациски ризици, поволни движења кај девизните резерви и забавување на активноста на кредитниот пазар, централната банка одлучи да ја намали максималната каматна стапка на благајничките записи за 0,25 процентни поени, односно на 3,5%, што се очекува да придонесе кон олеснување на кредитните услови и поголема економска активност.

**Примарните пари**[3] во К-1-2013 година забележаа пад од 1,2% на квартална основа во услови на пад на вкупната ликвидност на банките од 3,5%. Готовите пари во оптек се зголемија 1,9%.

Во текот на првиот квартал на 2013 година најтесната парична маса **М1** забележа квартален раст од 0,4% во однос на К-4-2012 година. **Монетарниот агрегат М2** во К-1-2013 забележа раст од 0,2%, додека најширокиот **монетарен агрегат М4** се зголеми за 1,6%.

**Вкупниот депозитен потенцијал**[4] на банките во К-1-2013 година се зголеми за 1,4% на квартална основа. Притоа од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата го забавија кварталниот раст на 2%, наспроти 2,3% во претходниот квартал, додека депозитите на приватните претпријатија по растот од 5,7% во претходниот квартал, повторно забележа квартален пад од 2%.

Од аспект на валутата, доминантен придонес во растот на вкупните депозити оствarija денарските депозити кои се зголемија за 1,6% на квартална основа, додека девизните депозити се зголемија за 1,2%, што резултираше во понатамошно намалување на степенот на евроизација за 0,1 п.п., односно на 45,4%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

[3] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[4] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

Според рочноста, во изминатиот период се забележува континуиран раст на учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал, кое во К-1-2013 достигна 22,1%. Овие движења се во согласност со кварталниот раст на долгорочните депозити од 8,3% во К-1-2013 година (5,7% во К-4-2012), при истовремен пад на краткорочните депозити од 0,2%.




**Кредитната активност на банките кон недржавниот сектор** во К-1-2013 година бележи засилена стапка на раст од 0,7% на квартално ниво, во услови на засилен раст на кредитите кон секторот за домаќинства од 1,1% и раст на кредитирањето на корпоративниот сектор од 0,4%.

Од валутен аспект, кредитите во странска валута, по падот во минатиот квартал, оствариja раст од 1,1% на квартално ниво, додека денарските кредити во К-1-2013 година регистрираа квартален раст од 0,6% и со тоа го водеа растот на вкупните кредити.

Според рочноста, долгорочните кредити во К-1-2013 година бележат квартален пад од 0,9% (наспроти растот од 1,9% во К-4-2012 година), додека краткорочните кредити се намалија за 0,5% (наспроти падот од 1,8% во К-4-2012 година).




На почетокот на првиот квартал на 2013 година, НБРМ ја намали **каматната стапка на благајничките записи** за 0,25 п.п., односно од 3,75% на 3,5%. Каматните стапки на депозитните банки во К-1-2013 година забележаа одредени надолни поместувања на квартална основа. Имено, каматната стапка на депозитните банки за денарските кредити се намали за 0,1 п.п. во однос на

претходниот квартал и изнесува 8,2%. Со тоа продолжи трендот на намалување на оваа каматна стапка, кој започна од почетокот од 2010 година. Каматната стапка на девизните кредити се намали од 6,8% на 6,7%. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,2 п.п. на квартална основа, додека каматната стапка на девизните депозити се намали за 0,1%.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити е намалена за 0,6 п.п. на квартално ниво и изнесува 7,3%, додека каматната стапка на новоодобрените девизни кредити бележи раст од 0,1 п.п. и изнесува 6,5%. Каматната стапка на новопримените денарски депозити е намалена за 0,2 п.п. во однос на К-4-2012 година и изнесува 2,7%, додека каматната стапка на новопримените девизни депозити изнесува 0,6%, односно е за 0,1 п.п. пониска од претходниот квартал.

На **пазарот на капитал** во првиот квартал од годината се забележа пад на вкупниот промет на берзата од 67% во однос на К-4-2012 година. Прометот остварен преку класично тргување се намали за 23,5% во однос на претходниот квартал, додека во однос на истиот квартал од претходната година истиот забележа пад од 39,2%.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10, како агрегатен показател на берзанските движења на крајот на првиот квартал изнесуваше 1.792,09 индексни поени, што претставува пораст од 3,5% во однос на декември 2012 година, додека во однос на март 2012 година индексот е понизок за 11,5%.

График 4.3. Вкупен промет на берза и МБИ 10;
Извор: Македонска берза




# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешно-трговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, во К-1-2013 година вкупната надворешно - трговска размена со странство изнесува 1.857,5 милиони евра и бележи контракција од 1,2% во однос на истиот квартал од 2012 година.

Во К-1-2013 година **извозот** на стоки изнесува 720,3 милиони евра и во однос на истиот квартал од претходната година забележан е раст од 0,6%, додека во однос на претходниот квартал забележана е контракција од 11,0%.

График 5.1. Надворешно трговска размена; Извор: ДЗС




Анализирано **по сектори на СМТК** (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во **извозот** во К-1-2013 година во однос на истиот квартал од 2012 година се забележуваат кај:

- машини и транспортни уреди за 21,1% (во чии рамки категоријата индустриски машини и делови порасна за 38,8% или 12,4 милиони евра);
- хемиски производи за 9,7% (хемиски материи и производи се зголеми за 10,1% или 10,3 милиони евра);
- суровини освен гориво за 18,0% (метална руда и отпадоци од метал забележа раст од 22,5% или 8,2 милиони евра); и
- производи за храна за 8,6% (жита и преработки од жита порасна за 15,2% или 1,5 милиони евра; и овошје и зеленчук за 7,9% или 1,4 милиони евра).

Од друга страна, негативни движења во извозот се забележуваат кај:

- минерални горива и мазива за 56,0% (во чии рамки категоријата нафта и производи од нафта се намали за 55,4% или 24,2 милиони евра);
- производи класирани според материјалот за 8,2% (железо и челик за 14,4% или 22,5 милиони евра); и
- пијалаци и тутун за 8,8% (тутун за 8,7% или 2,2 милиони евра).

Во К-1-2013 година, гледано по **економска намена** најголемо учество во извозот имаат: стоките за индустриски набавки (51,7%), потоа следуваат стоките за широка потрошувачка (24,3%), производите за инвестиции без транспортна опрема (9,8%), храна и пијалаци (9,6%), горива и мазива (2,9%) и транспортна опрема (1,6%).

**Увозот на стоки** во К-1-2013 година изнесува 1.137,1 милиони евра и претставува пад од 2,4% во однос на К-1-2012 година, додека во однос на претходниот квартал, падот изнесува 16,9%.

Анализирано **по сектори на СМТК**, најголемо позитивно придвижување на **увозот** во К-1-2013 во однос на К-1-2012 година се забележува кај:

- производи класирани според материјалот за 33,7% (при што зголемување има кај категориите: обоени метали за 89,6% или 51,7 милиони евра; и железо и челик за 38,3% или 21,0 милиони евра);
- машини и транспортни уреди за 4,9% (електрични машини, апарати и делови за 33,9% или 10,4 милиони евра; и индустриски машини и делови за 25,4% или 6,8 милиони евра); и
- хемиски производи за 19,0% (производи за боење и штавење за 45,9% или 7,6 милиони евра; и неоргански хемиски производи за 50,8% или 6,2 милиони евра).

Најголемо негативно придвижување на увозот се забележува кај:

- минерални горива и мазива за 38,0% (при што намалување има кај категориите: нафта и производи од нафта за 41,7% или 82,8 милиони евра; и електрична енергија за 43,2% или 32,0 милиони евра);
- суровини освен гориво за 36,0% (метална руда и метални отпадоци се намали за 44,3% или 22,7 милиони евра);
- производи за храна за 4,4% (жита и преработки од жита за 24,9% или 5,8 милиони евра); и
- пијалаци и тутун за 4,2% (тутунот за 13,1% или 1,2 милиони евра).

Гледано по **економска намена,** во К-1-2013 година најголемо учество во увозот имаат: стоките за индустриски набавки (45,5%), потоа следуваат горива и мазива (17,3%), производите за инвестиции без транспортна опрема (11,8%), храна и пијалаци (11,0%), стоките за широка потрошувачка (9,7%), и транспортна опрема (4,7%).

Во К-1-2013, надворешно-трговската размена на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 27) се зголеми за 7,8% во однос на К-1-2012, при што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена се зголемило за 5,0 п.п. во однос на првиот квартал од 2012 година и изнесува 62,5%, при што извозот на стоки учествува со 72,4%, а увозот на стоки со 56,3%.

Како резултат на структурните промени во размената со странство, во првиот квартал од 2013 година 83,0% од трговскиот дефицит на земјата е последица на дефицитот во размената со Велика Британија, Русија, Кина, Грција и Србија, а остатокот од дефицитот е последица на размената со: Турција, Швајцарија, Словенија, Индија, Романија и други. Суфицит во размената е остварен со Германија, Косово, Босна и Херцеговина и Холандија.

График 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-1-2013
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




## 5.2. Платен биланс

Во првиот квартал од годината беше регистриран дефицит на тековната сметка од 113,1 милиони евра и е подобрен во однос на претходниот квартал, што се должи на намалениот јаз во трговскиот дефицит. Намалениот увоз во К-1-2013 во однос на претходниот квартал кој беше со поголема динамика споредено со намалувањето на извозот, придонесе за стеснување на негативното салдо на тековната сметка. Исто така, за стеснување на јазот на тековната сметка придонесе и суфицитот остварен на сметката на услугите.

Анализирано на годишно ниво, дефицитот е проширен за 3,9%, што главно се должи на намалените приливи од тековните трансфери и зголемените одливи по основ на доходи. Во спротивна насока делуваа остварениот суфицит на сметката на услуги од 7,4 милиони евра за разлика од К-1-2012 кога бил остварен дефицит, како и стеснувањето на дефицитот на трговската сметка за 6,8% која има големо учество во тековната сметка.

Капиталната и финансиската сметка во К-1-2013 бележи суфицит и салдото изнесува 109,6 милиони евра, што споредено со К-1-2012 година е зголемување од 12,7%, (или за 12,4 милиони евра). Споредено со претходниот квартал, салдото се намали за 11,1%, што се должи на намалување на салдото на финансиската и на капиталната сметка.

График 5.3. Анализа на тековната сметка;
Извор: НБРМ и пресметки на МФ




Позитивни платно-билансни движења се регистрирани кај директните инвестиции, кои во К-1-2013 изнесуваат 80,5 милиони евра и се зголемени за 79,9% во однос на претходниот квартал, односно се зголемени за 8,6% на годишно ниво.

Исто така, во К-1-2013 се регистрирани одливи од 34,7 милиони евра по основ трговски кредити, што е последица на кумулираните трговски кредити земени во претходниот квартал (113,6 милилиони евра во К-4-2012). На годишно ниво, во К-1-2013 трговските кредити бележат негативно салдо (одлив на средства).

Во К-1-2013 регистриран е дополнителен раст на девизните резерви, па истите се на адекватното ниво.

### 5.2.1. Тековна сметка

Во првиот квартал од годината, дефицитот на тековната сметка изнесуваше 113,1 милиони евра или 6,3% од БДП и истиот е продлабочен за 3,9% на годишно ниво, додека во однос на претходниот квартал забележано е подобрување од 6,0%.

Стеснувањето на дефицитот на тековната сметка во однос на К-4-2012 во најголема мера се должи на стеснувањето на трговскиот дефицит и остварениот суфицит на сметката на нето услугите, додека во спротивна насока делуваа намалените приливи по основ на нето-тековни трансфери и зголемениот одлив на нето доходи.

На продлабочувањето на дефицитот на тековната сметка во однос на К-1-2012, најмногу придонесе зголемениот одлив на нето доходи (за 39,8% на годишно ниво) и намалените приливи на нето тековните трансфери (регистрирано намалување од 8,8%).

График 5.4. Салдо на тековна сметка (% од БДП); Извор: НБРМ




При стеснување на негативното салдо, на увозот во однос на регистрираниот благ пораст на извозот, трговската сметка забележа стеснување од 6,8% на годишно ниво.

На сметката на услугите во К-1-2013 беше регистриран суфицит од 7,4 милиони евра, што претставува подобрување во однос на К-1-2012 кога беше регистриран дефицит од 4,3 милиони евра.

Дефицитот на сметката на нето-доходи во К-1-2013 забележа продлабочување на годишно ниво за 14,1 милиони евра, што влијаеше во насока на продлабочување на салдото на тековната сметка.

Трговската отвореност на Република Македонија во К-1-2013 изнесува 105,8% и е намалена за 4,2 п.п. во однос на истиот квартал од 2012 година, кога истата била 110%.

Во К-1-2013 трговското салдо (-21,9% од БДП), бележи позитивно поместување во однос на претходниот квартал и во однос на истиот квартал од минатата година.

Нето - тековните трансфери во К-1-2013 изнесуваат 304,2 милиони евра и истите се пониски за 29,4 милиони евра или за 8,8% во однос на К-1-2012. Падот се должи на приватните трансфери кои се намалиле за 9,2%, и учествуваат со 97,8% во вкупните нето-трансфери. Приватните трансфери во К-1-2013 изнесуваат 297,4 милиони евра. Според нивната стуркутра, во приватните трансфери доминантно учество имаат другите трансфери (87,4%) кои се намалиле за 9,8% на годишно ниво и изнесуваат 260 милиони евра, додека дознаките од вработените се намалиле за 5,0% споредено со К-1-2012 и изнесуваат 37,4 милиони евра.

Споредено со претходниот квартал, нето - тековните трансфери се намалиле за 29,8% или за 129,1 милиони евра, во најголем дел поради падот на приватните трансфери од 24,3% или за 95,7 милиони евра.

Покриеноста на трговскиот дефицит со приватните трансфери во К-1-2013 година изнесува 79,3% и истата е намалена за 2 п.п.на годишно ниво .

### 5.2.2 Капитална и финансиска сметка

Капиталната и финансиската сметка во К-1-2013 бележат суфицит од 109,6 милиони евра и во однос на К-1-2012 година, регистрирани се капитални приливи за 12,7% повеќе (или за 12,4 милиони евра). Повисоките приливи на финансиската сметка на годишно ниво во најголем дел произлегуваат од зголеменото надворешно задолжување на државата, а истите се наменети за буџетска поддршка и унапредување на конкурентноста на македонската економија.

Во првиот квартал беше исплатена и достасаната еврообврзница, што се рефлектира во одливот на средства во ставката заеми во финансиската сметка.

На крајот на К-1-2013, официјалните девизни резерви изнесуваа 2.230,4 милиони евра и истите се повисоки за 7,9% во однос на К-1-2012. Доминантно учество во официјалните резерви имаат девизните резервни средства, односно хартиите од вредност со учество од 80,8% или 1.801,2 милиони евра, потоа монетарното злато со учество од 12,2% или 272,9 милиони евра, додека валутите и депозитите учествуваат со 6,9% или 154,4 милиони евра.

График 5.5. Официјални девизни резерви; Извор: НБРМ



**Министерство за финансии**
**Сектор за макроекономска политика**

Извештајот го подготвија:
Ангела Васовска
Анета Дудеска
Ана Николова
Копринка Сапунова
Неџати Куртиши

Контролирал:

**Д-р Сања Киковска - Георгиевска**

Одобрил:

**Јордан Трајковски**

Jordan.Trajkovski@finance.gov.mk

Скопје, јули 2013 година